# Декларација од Џакарта за водство на унапредувањето на здравјето во 21 век

## Преамбула

На четвртата меѓународна конференција за унапредување на здравјето: Нови играчи во новата ера – Водство во унапредувањето на здравјето во 21 век, која се одржа во Џакарта од 21 до 25 јули 1997, се достигна еден критичен момент во развојот на меѓународните стратегии за здравје. Поминати се скоро 20 години откако државите членки на Светската здравствена организација сосема амбициозно се посветија на глобалната стратегија за Здравје за сите и начелата на примарната здравствена заштита преку Декларацијата од Алма Ата. Поминати се 11 години од првата меѓународна конференција за унапредување на здравјето која беше одржана во Отава, Канада. Од конференцијата произлезе прогласувањето на Повелбата од Отава за унапредување на здравјето, што претставуваше извор на водство и инспирација за унапредување на здравјето од тогаш. На последователните меѓународни средби и конференции понатаму се појаснија важноста и значењето на клучните стратегии во унапредувањето на здравјето, вклучително и политиката за јавно здравство (Adelaide, Australia, 1988), и средини во кои се поддржува здравјето (Sundsvall, Sweden, 1991).

Четвртата меѓународна конференција за унапредување на здравјето за прв пат се одржува во земја во развој, и за прв пат е вклучен и приватниот сектор во поддршката за унапредување на здравјето. Тоа претставуваше можност да се прикаже она што било научено за ефективното унапредување на здравјето, да се направи повторен преглед на одредниците на здравјето, и да се идентификуваат насоките и стратегиите кои мора да бидат усвоени за да се излезе во пресрет на предизвиците за унапредување на здравјето во 21 век. Учесниците на конференцијата во Џакарта ја претставуваат оваа Декларација за акција поврзана со унапредувањето на здравјето во следниот век.

### Унапредувањето на здравјето е клучна инвестиција

Здравјето претставува основно човеково право и претставува суштински елемент за општествениот и економскиот развој. Сè повеќе, унапредувањето на здравјето се препознава како суштински елемент на развојот на здравјето. Тоа е процес со кој на луѓето им се овозможува да ја зголемат контролата врз и да го подобрат своето здравје. Унапредувањето на здравјето, преку инвестиции и акции има значајно влијание врз одредниците на здравјето за да се создаде поголема здравствена придобивка за луѓето, значително да се придонесе кон намалување на неправичностите во здравјето, за унапредување на човековите права, и за градење на социјалниот капитал. Крајната цел е да се подобри здравствената состојба во животот, и да се намали јазот во однос на здравствената состојба помеѓу земјите и групите.

**Декларацијата од Џакарта за унапредување на здравјето дава визија и фокус за унапредување на здравјето во следниот век. Со неа се одразува силната посветеност на учесниците на Четвртата меѓународна конференција за унапредување на здравјето за да се искористат најголем дел од ресурсите за справување со одредниците за здравје во 21 век.**

**Одредници на здравјето: нови предизвици**

Предуслови за здравје се мирот, покривот над глава, образованието, социјалната сигурност, социјалните односи, храната, приходите, зајакнувањето на жените, стабилниот еко-систем, одржлива употреба на ресурсите, социјалната правда, почитувањето на човековите права и рамноправноста. Пред сè, сиромаштијата претставува најголемата закана за здравјето.

Демократските трендови, како што е урбанизацијата, зголемувањето на бројот на постари луѓе и високата преваленца на хронични болести претставуваат нови проблеми во сите земји. Други промени кои се од социјален, бихејвиорален и биолошки карактер, како што се зголемено однесување во кое седењето доминира, отпорност на антибиотици и други општо достапни лекови, зголемена злоупотреба на дрога и граѓанско и домашно насилство претставуваат закана за здравјето и благосостојбата на стотици милиони луѓе.

За новите заразни болести кои се појавуваат, како и поголемото препознавање на проблеми со менталното здравје потребна е итна реакција. Од клучно значење е унапредувањето на здравјето да се развива за да се исполнат предизивиците за одредниците на здравјето.

Транснационалните фактори, исто така имаат значително влијание врз здравјето. Тука спаѓа интегрирањето во глобалната економија, финансиските пазари и трговија, огромниот пристап до медиуми и комуникациска технологија, и деградација на животната средина како резултат на неодговорната употреба на ресурсите.

Со овие промени се оформуваат вредностите на луѓето, нивните животни стилови во текот на животниот век, и животните услови ширум светот. Некои имаат поголем развоен потенцијал за здравјето, како што е развојот на комуникациската технологија, додека пак други како што е меѓународната трговија со тутун имаат огромно негативно влијание.

## Унапредувањето на здравјето води кон промени

Истражувањата и студиите на случај ширум светот даваат убедливи докази дека унапредувањето на здравјето е ефективно. Стратегиите за унапредување на здравјето може да ги развиваат и менуваат животните стилови, и имаат влијание врз социјалните, економските и еколошките услови кои го одредуваат здравјето. Унапредувањето на здравјето претставува практичен пристап кон постигнување на поголема еднаквост во здравствениот сектор.

Петте стратегии кои се воспоставени со Повелбата од Отава за унапредување на здравјето се од суштинско значење за успехот:

- Создавање на издржана политика за здравјето
- Создавање на средини за поддршка
- Зајакнување на активностите во заедницата
- Развој на лични вештини
- Реструктуирање на здравствените услуги

Сега постојат јасни докази дека:

Сеопфатните пристапи за развој на здравјето се најефективни. Оние кои користат комбинација од петте стратегии се поефективни отколку единствените пристапи.

Во одредени средини се нудат практични можности за спроведување на сеопфатни стратегии. Тука спаѓаат мега - градови, острови, градови, општини, локални заедници, пазари, училишта, работни места, и установи за здравствена заштита.

Учеството е од суштинско значење за да се одржат заложбите. Луѓето мора да бидат поставени во центарот на акциите за унапредување на здравјето и во процесите на носење на одлуки за да се постигне ефективност.

Со учењето за здравјето се поттикнува учеството. Пристапот до образование и информации е од суштинско значење за постигнување на ефективно учество и зајакнување на луѓето и заедниците.

Овие стратегии се клучни елементи за унапредување на здравјето и се релевантни за сите земји.

## Потребна е нова реакција

За справување со новите закани по здравјето, потребни се нови форми на активности. Предизвик за претстојните години ќе биде да се отклучи потенцијалот за унапредување на здравјето кој е неразделив во повеќе сектори на општеството, помеѓу локалните заедници и во рамки на семејствата.

Постои јасна потреба да се стави прекин на традиционалните бариери во рамки на владините сектори, помеѓу владините и невладините организации и помеѓу јавниот и приватниот сектор. Соработката е од клучно значење; за тоа е потребно создавање на нови партнерства за здравје кои се наоѓаат на еднаква основа помеѓу различни сектори на сите нивоа на управување во општествата.

## Приоритети за унапредување на здравјето во 21 век

### 1. Унапредување на социјалната одговорност за здравјето

Носителите на одлуки мора да бидат силно обврзани кон социјалната одговорност. Јавниот и приватниот сектор треба да го унапредуваат здравјето преку следење на политики и практики со кои:

Се избегнува штета по здравјето на поединци

Се штити животната средина и се обезбедува одржливо користење на ресурсите

Се ограничува производството на и трговијата со штетни добра и супстанции како што се тутунот и вооружувањето, како и дестимулирање на маркетингот на нездрави практики

Заштита на граѓанинот на пазарите и на поединецот на работното место

Вклучување на проценки за влијанијата врз здравјето кои се фокусирани на правичноста како интегрален дел од развојот на политиките.

### 2. Зголемување на инвестициите во здравствениот развој

Во повеќе земји, тековните инвестиции во здравството се несоодветни и честопати неефективни. Зголемувањето на инвестициите за здравствен развој наметнува потреба од мултисекторски пристап, вклучително на пример и дополнителни ресурси за образование и домување, како и за здравствениот сектор. Со поголемите инвестиции во здравството и со пренасочување на постојните инвестиции, како во така и помеѓу земјите, се создава потенцијал за постигнување на значителен напредок во човековиот развој, здравје и квалитет на живот.

Инвестициите во здравството треба да ги одразуваат потребите на одредени групи како што се жените, децата, постарите луѓе, и домородните, сиромашните и маргинализираните групи.

### 3. Консолидирање и проширување на партнерствата за здравје

За унапредување на здравјето потребни се партнерства за здравствен и социјален развој помеѓу различни сектори на сите нивоа на влада и општество. Постоечките партнерства треба да се зајакнуваат и мора да се истражува новиот потенцијал за нови партнерства.

Партнерствата даваат взаемни придобивки за здравјето преку споделување на експертиза, вештини и ресурси. Секое партнерство мора да биде транспарентно и отчетно и да се заснова на договорени етички принципи, взаемно разбирање и почитување. Притоа треба да се обезбеди придржување кон упатствата на СЗО.

### 4. Зголемување на капацитетот на заедницата и зајакнување на поединецот

Унапредувањето на здравјето се врши од и со луѓето, а не на или за луѓето. Притоа се подобрува способноста на поединци да преземаат активности, и капацитетот на групите, организациите или заедниците да влијаат на одредниците за здравјето.

Подобрувањето на капацитетот на заедниците за унапредување на здравјето подразбира потреба од практично образование, обуки за лидерство, и пристап до ресурси. За зајакнување на поединците потребен е поконзистентен и веродостоен пристап до процесот на носење одлуки и вештини и знаења кои се суштински за да се спроведат промени.

Овој процес е подржан како од традиционалната комуникација, така и од новите информациски медиуми. Социјалните, културните и духовните ресурси треба да се користат на иновативни начини.

### 5. Обезбедување на инфраструктура за унапредување на здравјето

За да се обезбеди инфраструктура за унапредување на здравјето, мора да се изнајдат нови механизми на локално, национално и глобално ниво. Треба да се развиваат иницијативи за да се влијае на постапувањето на владите, невладините организации, образовните институции и приватниот сектор за да се обезбеди максимална мобилизација на ресурсите за унапредување на здравјето.

"Средини за здравје" претставува организациска основа за инфраструктурата која е потребна за унапредување на здравјето. Новите здравствени предизвици значи дека има потреба од создавање на нови и различни мрежи за да се постигне меѓусекторска соработка. Таквите мрежи треба да обезбедат взаемна помош во и помеѓу земјите и да се олесни размената на информации за онаму каде таквите стратегии се покажале како ефективни.

Обуката за и праксата за вештини во локалното лидерство треба да се охрабрува за да се поддржат активностите за унапредување на здравјето. Документирањето на искуствата од унапредувањето на здравјето преку истражувања и извештаи за проекти треба да се зајакнува за да се подобри планирањето, имплементацијата и евалуацијата.

Сите земји треба да развиваат соодветна политичка, правна, образовна, социјална и економска средина која е неопходна за да се поддржи унапредувањето на здравјето.

### Повик за акција

Учесниците на оваа конференција се посветени на споделување на клучните пораки од Декларацијата од Џакарта со нивните влади, институции и заедници, преточување на тие активности во пракса, и известување за сработеното на петтата меѓународна конференција за унапредување на здравјето.

За да се забрза напредокот кон унапредување на здравјето на глобален план, учесниците го одобрија формирањето на глобалната алијанса за унапредување на здравјето. Целта на оваа алијанса е да се унапредат приоритетите за активности во унапредувањето на здравјето кои се поставени со оваа Декларација.

**Приоритетите на алијансата вклучуваат:**

Подигнување на свеста за променетите одредници на здравјето

Поддршка за развој на соработката и мрежи за здравствен развој

Мобилизирање на ресурсите за унапредување на здравјето

Акумулирање на знаења за најдобрите практики

Овозможување на споделено учење

Промовирање на солидарност при постапувањето

Зајакнување на транспарентноста и јавната отчетност при унапредувањето на здравјето

Националните влади се повикуваат да преземат иницијативи за поттикнување и спонзорирање на мрежи за унапредување на здравјето, како во така и помеѓу земјите.

Учесниците ја повикуваат СЗО да преземе водечка улога во создавањето на глобалната алијанса за унапредување на здравјето и овозможување на државите членки да ги спроведат резултатите од оваа конференција. Клучен дел од оваа улога на СЗО е да се ангажираат владите, невладините организации, развојните банки, организациите во системот на Обединетите нации, меѓурегионалните тела, билатералните агенции, движењата за работна сила и соработка, како и приватниот сектор во унапредувањето на приоритетите за постапување за унапредување на здравјето.